| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 18 | / | / | / | / |
| Број на ученици | 369 | / | / | / | / |
| Број на наставници | 39 | / | / | / | / |

### *8.5. Проширена програма*

Проширената програма се организира за прифаќање и заштита на учениците од прво до петто одделение во согласност со родителите еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршување на наставата со одделенскиот раководител на паралелката. Проширената програма ги опфаќа продолжениот престој, дополнителна и додатна настава, како и вонндаставни и вонучилишни активности. Основното училиште ќе организира продолжен престој со учениците од иста паралелка, од исто одделение или од различни одделенија. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот.

| ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ОД ИСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
|---|---|
| **Одделение** | **Одделенски раководители** |
| I-1 | Луиза Наневска, Анка Чоневска |
| I-2 | Ана П. Апостолски, Мери Ќурчиева |
| II-1 | Виолета Секуловска, Катарина Лазаревска |
| II-2 | Сања Пиперевска, Злата Стефановска |
| III-1 | Дијана Илиевска-Коваческа, Александра Крстова |
| III-2 | Даниела Крстевска, Васка Тошевска- Момироска |
| **ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ОД РАЗЛИЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА** | |
| IV2 ( и дел од учениците од IV1 ) | Вера Петрова/Ирена Донев |
| V1 | Данче Гиговска |
| V2 | Симона Пецова |

### *8.6. Комбинирани паралелки*

Во нашето училиште нема комбинирани паралелки.

### *8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Во училиштето се изучуваат два странски јазици: англиски и германски јазик. Англискиот јазик, како прв странски јазик се изучува од I –IX, германски јазик како втор странски јазик од VI – IX одделение.

| Странски јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 18 | 369 |
| Германски јазик | 8 | 171 |

***8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение***

| | |
|---|---|
| **Наставник - тандем настава** | **Одделение** |
| Ана Покупец Апостолски, Мери Ќурчиева, Луиза Наневска, Анка Чоневска, Чедомир Паневски | **I одделение** |
| Сања Пиперевска, Виолета Секуловска, Злата Стефаноска, Катарина Лазаревска, Чедомир Паневски | **II одделение** |
| Даниела Крстевска, Дијана И. Ковачевска, Васка Т. Момироска, Александра Крстова, Чедомир Паневски | **III одделение** |
| Нина Николовска, Вера Петровска/Ирена Донев, Чедомир Паневски, Драган Станојковски | **IV одделение** |
| Гордана Букревска, Нела С. Никоска, Драган Станојковски | **V одделение** |

***8.9. Изборна настава***

**Изборни предмети за учебната 2024/2025 година:**

| Предмет | Наставник | Одделение |
|---|---|---|
| Етика во религиите (прво полугодие)<br>Религиозно и културно наследство (второ полугодие) | Маја Јакимовска | VI 1 и VI 2 |
| Музички жанрови (прво полугодие)<br>Соло пеење ( второ полугодие) | Благица Димчева | ученици од VII1 и VII2 |
| Справување со природни катастрофи (прво полугодие)<br>Градинарство и хортикултура ( второ полугодие) | Весна Миливоевиќ | ученици од VII1 и VII2 |
| Иновации и претприемништво (прво полугодие)<br>Жените во историјата ( второ полугодие) | Маја Јакимовска | ученици од VII1 и VII2 |
| Танци и народни ора | Благица Димчева | ученици од VIII1 и VIII2 |
| Нашата татковина | Весна Миливоевиќ | ученици од VIII1 и VIII2 |
| Танци и народни ора | Благица Димчева | ученици од IX1 и IX2 |
| Нашата татковина | Весна Миливоевиќ | ученици од IX1 и IX2 |
| Театар, уметност на емоции ( прво полугодие)<br>Моделарство, креативни идеи – направи сам ( второ полугодие) | Нина Николовска, Вера Петровска/Ирена Донев | IV1, IV2 |
| Филозофија за деца ( прво полугодие)<br>Изработка од хартија – оригами ( второ полугодие) | Гордана Букревска, Нела С. Никоска | V1 и V2 |

### *8.10. Дополнителна настава*

Во дополнителната настава покрај образовните компоненти се работи и на: изградување на работни навики, развивање на чувство за лична одговорност во работата, мотивираност за работа и постигнување на успех, специјално прилагодување и слично.

| Наставник | Наставен предмет | Часови | Ученици |
|---|---|---|---|
| Марија Варадинска | Македонски јазик | 19 | 10 |
| Ирена Т.Пановска | Македонски јазик | 19 | 16 |
| Благица Димчева | Музичко образование | 9 | 30 |
| Ленче Зајковска | Математика/Физика | 14/9 | 15/10 |
| АндријанаГрујовска | Биологија / Природни науки | 2/12 | 2/9 |
| Кети Христовска | Германски јазик | 19 | 18 |
| Жанета Шумкоска | Математика | 22 | 12 |
| Горица Бошкоска | Граѓанско образование / Етика / Иновации | 7/6/3 | 16 |
| Бојана Бачоска | Хемија / Биологија | 10/10 | 17/19 |
| Весна Миливоевиќ | Географија | 16 | 8 |
| Марина Станковиќ | Ликовно образование | 13 | 26 |
| Маја Јакимовска | Етика во религиите | 2 | 4 |
| Ненад Наневски | Историја | 16 | 6 |
| Ирена Бакревска | Англиски јазик | 16 | 18 |
| Маја Бутлеска | Англиски јазик | 21 | 15 |
| Гордана Букревска | Македонски јазик / Математика | 1/6 | 5/5 |
| Данче Гиговска | Македонски јазик / Математика | 1/6 | 5/5 |
| Симона Пецова | Македонски јазик / Математика | 1/6 | 5/5 |
| Нела С. Никовска | Македонски јазик / Математика | 1/6 | 5/5 |
| Вера Петровска/Ирена Донев | Математика | 12 | 5 |
| Биљана Стојановска | Македонски јазик /Математика / Природни науки | 9/12/4 | 6/5/2 |
| Нина Николовска | Математика / Македонски јазик | 15/10 | 4/3 |
| Сања Пиперевска | Македонски јазик / Математика | 15/16 | 5/4 |
| Злата Ѓоргиева | Македонски јазик / Математика | 15/16 | 5/4 |
| Дијана И. Ковачевска | Македонски јазик / Математика | 19/17 | 9/10 |
| Александра Крстова | Македонски јазик / Математика | 19/17 | 9/10 |
| Даниела Крстевска | Македонски јазик / Математика /Природни науки | 16/14/1 | 7/5/5 |
| Васка Т. Момироска | Македонски јазик / Математика /Природни науки | 16/14/1 | 7/5/5 |

### *8.11. Додатна настава*

За учениците кои покажуваат особен интерес за одреден предмет се организира додатна настава. Додатната настава има за цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата од одреден предмет, поттикнување на интереси и способности на учениците.

| **Наставник** | **Наставен предмет** | **Часови** | **Ученици** |
|---|---|---|---|
| Марија Варадинска | Македонски јазик | 18 | 20 |
| Ирена Т.Пановска | Македонски јазик | 19 | 15 |
| Благица Димчева | Музичко образование | 16 | 34 |
| Марина Станковиќ | Ликовно образование | 14 | 35 |
| Ленче Зајковска | Математика/Физика | 15/8 | 4/4 |
| Андријана Грујовска | Биологија / Природни науки | 3/12 | 2/12 |
| Кети Христовска | Германски јазик | 18 | 15 |
| Жанета Шумкоска | Математика | 24 | 10 |
| Горица Бошкоска | Граѓанско образование/Етика/Иновации | 6/6/4 | 16 |
| Бојана Бачоска | Хемија / Биологија | 11/12 | 9/17 |
| Весна Миливоевиќ | Географија | 10 | 7 |
| Маја Јакимовска | Етика во религии | 2 | 4 |
| Ненад Наневски | Историја | 18 | 8 |
| Ирена Бакревска | Англиски јазик | 16 | 20 |
| Маја Бутлеска | Англиски јазик | 21 | 10 |
| Вера Петровска/Ирена Донев | Македонски јазик/ Математика /Природни науки | 2/7/13 | 6/4/7 |
| Биљана Стојановска | Македонски јазик/ Математика /Природни науки | 2/7/13 | 6/4/7 |
| Нина Николовска | Математика/Македонски јазик/Природни науки | 6/2/10 | 7/6/5 |
| Гордана Букревска | Македонски јазик/ Математика /Природни науки/Општество | 2/2/1/1 | 7/6/5/5 |
| Симона Пецова | Македонски јазик/ Математика/ Природни науки/Општество | 2/2/1/1 | 7/6/5/5 |
| Нела С. Никовска | Македонски јазик/ Математика/ Природни науки/Општество | 2/2/1/1 | 7/6/5/5 |
| Данче Гиговска | Македонски јазик/ Математика/ Природни науки/Општество | 2/2/1/1 | 7/6/5/5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сања Пиперевска | Македонски јазик / Математика / Општество | 15/14/3 | 5/4/4 |
| Злата Ѓоргиева | Македонски јазик / Математика / Општество | 15/14/3 | 5/4/4 |
| Дијана И. Ковачевска | Македонски јазик / Математика / Природни науки | 13/14/7 | 8/10/13 |
| Александра Крстова | Македонски јазик / Математика / Природни науки | 13/14/7 | 8/10/13 |
| Даниела Крстевска | Македонски јазик / Математика /Природни науки / Ликовно о. | 12/11/6/2 | 13/10/12/12 |
| Васка Т. Момироска | Македонски јазик / Математика /Природни науки / Ликовно о. | 12/11/6/2 | 13/10/12/12 |

### *8.12. Работа со надарени и талентирани ученици*

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација на талентирани и надарени ученици | На почетокот на учебната година | Стручна служба и наставници | Користење на прашалници, индивидуална и групна работа | Идентификација на надарени и талентирани ученици |
| Проценување на особините на учениците | Прво полугодие | Стручна служба и наставници | Извештаи, самооценување, прашалници | Реализирање на максималниот потенцијал на учениците |
| Поддршка на надарени и талентирани ученици | Во текот на учебната година | Стручна служба и наставници | Индивидуална работа | Планирање, изработка и реализирање на активности според способностите на учениците |
| Следење и насочување за напредок на потенцијалот на учениците | Во текот на учебната година | Стручна служба и наставници | Опсервација, тестови, индивидуална работа | Реализирање на својот потенцијал |
| Доделување на стипендија од областа на културата | 29.10.2024 | Општина Центар | Стипендија | Теа Мечевска |
| Доделување на стипендија од областа на науката | 30.10.2024 | Општина Центар | Стипендија | Ена Рахиќ |
| Доделување стипендија на талентирани спортисти | 8.11.2024 | Општина Центар | Стипендија | Марко Покрајчевски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Награда Феникс | 29.11.2024 | Општина Центар | Награда за високи постигнувања во областа на природните науки | Пононика Хаџи - Стефанова |
| Меѓуодделенски натпревар за VI одделение | 24.12.2024 | Стручна служба и наставници | Квиз | Ученици од VI одделение |
| Меѓуодделенски натпревар за IX одделение | 05.03.2025 | Стручна служба и наставници | Квиз | Ученици од IX одделение |
| Меѓуодделенски натпревар за VII одделение | 10.03.2025 | Стручна служба и наставници | Квиз | Ученици од VII одделение |
| Меѓуодделенски натпревар за VIII одделение | 17.03.2025 | Стручна служба и наставници | Квиз | Ученици од VIII одделение |
| Учество на надарените ученици во воннаставни активности и натпревари | Во текот на учебната година | Стручна служба и наставници | Поддршка на надарени и талентирани ученици | Награда за високи постигнувања |
| Избор на првенец на генерација | Месец мај | Општина Центар и училиштето | Конкурс за избор на првенец на генерација | Првенец на генерација Ена Рахиќ/ првенец на генерација на ниво на училиште Бојана Змејковска |

### *8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Во учебната 2024/2025 година во училиштето, настава посетуваат **четиринаесет** ученици со посебни образовни потреби, десет од машки пол и четири од женски пол, вклучени во девет редовни паралелки. Директорот на училиштето има формирано училишен инклузивен тим во состав на:

1. Соња Кирковска - директор
2. Сања Шутиноска Величковиќ- психолог
3. Татјана Павловска-Деспотовска - специјален едукатор и рехабилитатор
4. Виолета Секуловска - одделенски наставник
5. Маја Јакимовска -предметен наставник
6. Ана Мартиновска - родител
7. Олга Василевска – родител

Директорот на училиштето има формирано четиринаесет (14) инклузивни тимови по ученик. Инклузивниот тим за ученик во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици, изготвување и релизирање на нивните индивидуални образовни планови (ИОП) или модифицирани наставни програми (МНП). Програмите се изготвуваат во согласнот со предлог проценка од Стручното тело МКФ и нивните насоки за реализација. За шест ученици се изготвува ИОП, а за два ученици МНП.

Пет ученици следат настава со образовни асистенти ангажирани од ОУРЦ,,Иднина''-Скопје, а три ученици со лични асистенти вклучени во Проектот од Општина Центар ,,Образование за сите''.

Четири ученици го посетуваат ресурсниот центар ,,Иднина'' 1-2 пати седмично, за поддршка во учењето, напредување на можностите, способностите и интересите, како и за поттикнување на подобар воспитно-образовен развој.

Запишани се две првачиња со ПОП со поддршка во наставата на образовни асистенти, а едниот ученик ќе следи МНП.

Од предвидената програма и акциски план се реализирани следните активности:

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Идентификување на ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето | Септември и октомври | Специјален едукатор, психолог, педагог и одделенски наставници | Индивидуална, заедничка | Правилна идентификација на ученици за понатамошна помош |
| Формирање или ревидирање на Училишен инклузивен тим | Септември | Стручни соработници, наставници, родители и директор | Заедничка, групна | Водење грижа за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште |
| Формирање на Инклузивни тимови на ученици | Септември | Стручни соработници, наставници, родители | Заедничка, групна | Изготвување и реализирање на индивидуални образовни планови |
| Процена на развојниот статус на ученикот | Во текот на првото тримесечие | Специјален едукатор, психолог, педагог и одделенски наставници | Индивидуална, дискусија и групна | Правилна проценка на способностите на ученикот за давање понатамошна поддршка |
| Изработка на ИОП за ученици со посебни образовни потреби | Септември | Инклузивен тим на ученик, образовни/лични асистенти | Групна, тимска работа и дискусија | Изработка наприменливи програми според индивидуалните способности научениците |
| Изработка на Модифицирана наставна програма за ученици со комплексни потреби | Септември | Инклузивен тим на ученик, образовни/лични асистенти | Групна, тимска работа и дискусија | Изработка наприменливи програми според индивидуалните потреби,способности и можности научениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Водење на досие за учениците | Во текот на целата година во континуитет | Стручни соработници, одделенски наставници | Индивидуална | Подобар увид за напредокот на ученикот |
| Информираност на наставниците и родителите за детектираните отстапки кај учениците | Во текот на целата година во континуитет | Одделенскиот тим, тим за инклузија, родители | Индивидуална | Воочување на стекнатиот впечаток од однесувањето научениците на нивните наставници и родители |
| Директна помош и поддршка на учениците со ПОП | Во текот на целата година во континуитет | Педагошко-психолошка служба и специјален едукатор | Индивидуална | Полесно совладување на наставните содржини |
| Информирање на родителите за постигнатите успеси | Во текот на целата година | Одделенски наставници | Индивидуална дискусија | Зајакнување на взаемната соработка со родителите |
| Соработка со ЈЗУЗМЗ,,Младост“ рана интервенција, детектирање и дијагностицирање | Во текот на целата година во континуитет | Стручни лица | Индивидуална | Проценка на способностите на учениците и рана интервенција |
| Добивање на поддршка од страна на Стручното тело на МКФ за работа со ученици со ПОП по нивна идентификација во училиштето | Во текот на целата година во континуитет | Стручни лица | Индивидуална | Насоки за постапување со учениците според нивните способности и можностити во наставнот процес |
| Соработка со ОУРЦ,,Иднина“ и обезбедување на образовни асистенти за ученици со ПОП | Во текот на целата година во континуитет | Координатори од ООУ и ОУРЦ, специјални едукатори, образовни асистенти | Тимска работа | Соработка со образовните асистенти-насоки за работа и користење на ресурсни услуги од Центарот за поддршка во учењето |
| Соработка со Општина Центар и обезбедување на лични асистенти преку проектот,,Образование за сите’’ | Во текот на целата година во Континуитет | Координатори на проектот, специјален едукатор, наставници и лични асистенти | Тимска работа | Поддршка од лична асистенција на учениците со ПОП за време на наставата и за време на летниот распуст |
| Идентификација на ученици со ПОП кои потекнуваат од социјално ранливо семејства | Октомври 2024 | Педагошко-психолошка служба, специјален едукатор,Општина Центар | Индивидуална и тимска работа | Детекција на потребите за финансиска поддршка на семејната состојба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Координативна средба за поддршка на ООУ од страна на ОУРЦ „Иднина“ Скопје за имплементирање на инклузивното образование | Октомври 2024 | ОУРЦ,,Иднина‘‘ | Дискусија | Соработка согласно договорот помеѓу ОУРЦ „Иднина“-Скопје и ООУ поврзанисо планирањето, координацијата и реализацијата на акцискиот план за учебната 2023/2024 година |
| Реализација на работилници на тема ,,Инклузивен јазик“ за одбележување на 3ти декември,, Меѓународен ден на лицата со попреченост“ | Декември 2024 | МОН, специјален едукатор, наставници и ученици | Индивидуална и тимска работа | Запознавање со различните карактеристики на учениците и прифаќање на индивидуалноста, без ограничување,со почитување и поддршка кон секој |
| Реализација на инклузивна работилница под мотото: ,,ИНКЛУЗИВНИ ПРАВИЛА“ за одбележување на 3ти декември,, Меѓународен ден на лицата со попреченост“ | 03.12.2024 | Образовни асистенти од ОУРЦ ..Иднина‘‘, одделенски наставник на I² одделение, ученици | Индивидуален пристап, тимска работа | Подигнување на врсничката свесност преку изработка на новогодишна елка како подарок до сите деца во светот со порака ,,Да се сакаме, дружиме и почитуваме, зошто сплотени заедно можеме сé‘‘ |
| Примена на знаењата за алтернативна и аугментативна комуникација за деца со потешкотии во комуникацијата или без говор | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | Индивидуална работа | Зајакнување на вештините за справување и поттикнување на комуникација со учениците |
| Следење на успехот на учениците со посебни образовни потреби | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, наставници,УИТ,ИТУ | Индивидуален пристап, тимска работа | Детектирање на потребите за поттик во развојот на учениците според своите можности, способности и интереси |
| Новогодишен музички настан во ,,Рамстор Мол‘‘ и подарување на новогодишни пакетчиња | 24.12.2024 | Општина Центар | Заедничка работа | Вклучување во музички настан за поттикнување на врсничка свесност и рамноправност преку заедничка забавна програма |
| Работилница за одбележување на 21 Март-Меѓународниот ден на лицата со Даунов синдром | 21.03.2025 | Специјален едукатор, ученици од II¹ одд. | Тимска работа | Подигнување на врсничката свесност преку разбирање на разликите и секојдневните предизвиците. |
| Работилница за одбележување на 2 Април-Меѓународниот ден на децата со аутизам | 02.04.2025 | Специјален едукатор, одделенски наставник и ученици од V² | Тимска работа | Поттикнување на одговорност, совесност и поддршка за учениците со аутизам преку мотивација за социјализација и прифатеност во училишната средина |
| Работилница ,,Моите чувства, твои чувства, наши различности | 02.04.2025 | Специјален едукатор, одделенски наставници и ученици од V¹ и V² | Тимска работа | Анализирање на себе си, своите емоции и чувства и прифаќање на различностите |

Во текот на учебната година се  реализираа работилници и активности за поттикнување на инклузивна поддршка меѓу учениците-врсници од најрана возраст, поттикнувајќи го прифаќањето на разликите во развојот и попреченоста по различен основ кај учениците со нетипичен развој. Применети се стратегии за вклучување на родителите и наставниците во едукација за стекнување на нови методи, техники и алатки за покомпетентна и посоодветна поддршка во учењето на учениците во домашни услови, но и во училиште, потпирајќи се на нивните можности, способности и интереси. Преку заеднички активности со наставниците започнато е развивање на вештините за себезапознавање кај децата, свесноста за својот капацитет и идната перспектива, со развивање на афинитетите, односно привлечноста кон одредена област за формирање на мислење и подобар избор за својата идна професија, како дел од планот за професионална ориентација кај учениците од I до IX одделение преку изборните предмети и вештини на живеење.

## *8.14. Туторска поддршка на учениците*

Во Училиштето нема тутори за поддршка на учениците.

## *8.15. План на образовниот медијатор*

Во Училиштето нема образовен медијатор за поддршка на учениците.

## *9. Воннаставни активности*

| **Видови воннаставни активности** | | |
|---|---|---|
| **1.Краткотрајни** | **2.Подолготрајни** | **3.Ученичко организирање** |
| Едукативни посети и излети | Секции | Заедница на паралелка |
| Еднократни работилници | Клубови | Ученички парламент |
| Акции во училиштето или заедницата | | |
| Проекти | | |
| Гостувања надвор од земјата во рамките на проекти како Еразмус+, збратимени училишта | | |

### *9.1. Училиштни спортски клубови*

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „КИМ“. Во рамките на реализацијата на спортските активности за учебната 2024/25, УСК со своите секции по кошарка, фудбал и одбојка успешно ја реализираше програмата со учениците од училиштето. Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, имаа и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани на локално ниво кои ги организира клубот и локалната самоуправа.

Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти го стекнаа потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Одговорен наставник Драган Станојковски

### *9.2. Секции/Клубови*

Оваа учебна година училиштето организира слободни ученички активности во следниве секции:

| Број | Секција | Одговорен наставник | Одделение |
|---|---|---|---|
| 1. | Млади научници и математичари | Ленче Зајковска, Жанета Шумкоска, Бојана Бачоска, Андријана Грујоска | VI-IX одделение |
| 2. | Драмска секција | Ирена Пановска | VI-IX одделение |
| 3. | Рецитаторска секција | Марија Варадинска | VI-IX одделение |
| 4. | Историска секција | Ненад Наневски | VI-IX одделение |
| 5. | Англиско-германски јазичен клуб | Кети Христовска, Маја Бутлеска | VI-IX одделение |
| 6. | Културен клуб | Бојана Бачоска, Благица Димчева, Марина Станковиќ, Драган Станојковски, Валентина Лена Вељан, Чедомир Пановски | VI-IX одделение |
| 7. | English Fun Club Junior | Ирена Бакревска Василевска | II – III одделение |
| 8. | Медиумски клуб „КИМ МЕДИА“ | Биљана Стојановска | IV, VI, VIII и IX одделение |
| 10. | Јас имам талент | Благица Димчева | VI одделение |

| Секција/клубови<br><br>Име на секцијата | Одговорни наставници | Учесници | Активности | Цели | Време на реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Историска секција** | Ненад Наневски | Ученици од VI до IX одд. | Посета на музеи , историски споменици и знаменитости | Да се стекнат со знаења од историското минато | Во текот на учебната година | Одбележување на значајни историски датуми |
| **Драмска секција** | Ирена Т. Пановска | Ученици од VI до IX одд | Цели и задачи на секцијата и начин на одржување на состанците | Да се побуди интерес за драмската и тетарската уметност | 18.09.2024 | Да се поттикнат учениците за драмска уметничка изведба |
| | | | Запознавање со Драмата како литературен род | Да се прошират знаењата за драмската и театарската уметност | 16.10.2024 | Да се применат стекнати знаења за драмската и театарската уметност |
| | | | Македонската драма меѓу двете светски војни | Да стекнат знаења за македонската драма и македонските драмски автори | 20.11.2024 | Со ентузијазам и енергија да учествуваат при драматизацијата на одделни текстови |
| | | | Читање извадоци од познати драмски текстови | Да се поттикнат учениците за драмска уметничка изведба | 18.12.2024 | Да се применат стекнати знаења за драмската и театарската уметност |
| | | | Читање извадоци од Познати драмски текстови | Да се оспособат за правилен драмски израз | 13.02.2025 | Со ентузијазам и енергија да учествуваат при драматизацијата на одделни текстови |
| | | | Драматизација на дел од драмата,,Чорбаџи Теодос“-В.Иљоски | Да се оспособат за правилен драмски израз; | 13.3.20.2025 | Со ентузијазам и енергија да учествуваат при драматизацијата на одделни тексови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учество на училишни, општински, регионални смотри и натпревари | Да стекнат знаење за македонската драма и македонските драмски автори | 10.04.2025 | Успешно да го покажат и прикажат пред соучениците ,родителите и Наставницит е она што го научиле и подготвиле во текот на учебната година |
| | | | Завршна приредба со учество на членовите на секцијата | Да се оспособат за самостојно вреднување и доживување на драмски текст | 23.5.2025 | Успешно да го покажат и прикажат пред соучениците, родителите и наставниците она што го научиле и подготвиле во текот на учебната година |
| **Млади научници и математичари** | Ленче Зајковска, Жанета Шумкоска Бојана Бачоска и Андријана Грујоска | Ученици од VI до IX одд | Формирање на секцијата и донесување на програма за работа | Правилно и рационално користење на слободното време | 18.09. 2024 | Пројавување љубов кон математиката и природните предмети |
| | | | Математиката и другите предмети, значење | Да ја воочат поврзаноста наматематиката со другите предмети | 02.10.2024 | Примена на знаењата во другите предмети |
| | | | Да одговориме брзо на досетки | Развој на способности за Логичко размислување и заклучување | 16.10. 2024 | Примена на знаењата во секојдневниот живот |
| | | | Разгледување на библиотека | Интерес кон математиката и природните науки и избор на теми за обработка | 30.10.2024 | Развој на позитивен однос кон математиката и природните предмети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Решавање на ребуси (математички и од областа на Природните науки) | Оспособување за логичко мислење и расудување | 13.11. 2024 | Да се прифати потребата од математиката и природните предмети во секојдневието |
| | | | Математички игри | Оспособување за Логичко расмислување и конкретност | 27.11.2024 | Развој на позитивен однос кон математиката, упорност, трудољубивост |
| | | | Задачи за загревање | Развој на способности за Брзо реагирање, снаодливост | 11.12.2024 | Слободно изразување и логичко размислување |
| | | | Логички задачи | Развој на способности за препознавање, поврзување и размислување | 25.12.2024 | Стекнување способности за препознавање, воочување и изразување |
| | | | Избрани задачи | Проширување и продлабочување на знаењата | 29.01.2025 | Стекнување знаења надвор од наставата |
| | | | Од вас за вас | Способност за креативност и снаодливост | 11.2.2025 | Развој на љубов кон математиката и природните науки |
| | | | Поука и разонода | Стекнување навики за почитување и другарување | 26.02.2025 | Навики за меѓусебна почит , дружељубивост и разонода |
| | | | Занимливости од математиката | Проширување и продлабочување на знаењата | 11.03.2025 | Слободно изразување и логичко размислување |
| | | | Прилози од учениците | Јасно изразување на своите ставови и мислења за избор на теми | 26.03.2025 | Развој на чувство на задоволство, дружељубивост и афирмација на учениците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Математиката на првите цивилизации | Запознавање со корените на математиката | 8.04.2025 | Стекнување на знаења надвор од наставата |
| | | | Занимливости од животот на познати научници | Запознавање со некои податоци за познати научници | 23.4.2025 | Стекнување навики за почитување на трудот и љубов кон математиката и природните науки |
| | | | Магични квадрати | Развој на способност за брзо и точно решавање | 7.5.2025 | Способност за снаоѓање со проблем и логичко мислење |
| | | | Составување крстозбор | Способност за креативност и творечка работа | 21.5.2025 | Градење позитивни личности, критички и самокритични личности |
| | | | Презентација на ученички творби | Способност за креативност и творечка работа | 4.06.2025 | Задоволство од постигањата |
| **Јазичен клуб** | Кети Христовска<br><br>Маја Бутлеска<br><br>Марина Станковиќ | Ученици од сите одделенија<br><br>25 | Одбележување на Европскиот ден на јазиците | Поттикнување на учениците да истражуваат, споредуваат, да ги изразуваат своите мисли преку својата креативност | Септември | Збогатување на сопственото знаење, во соработка со уметничкиот клуб (одговорен наставник Марина Станковиќ)- гравирање и печатење на маички и торби со зборот ,,благодарам'' на повеќе европски јазици |
| | | | Интернационализми: Зборови што се користат во македонскиот, германскиот и англискиот јазик. | Интерес за сопствената култура и запознавање со културите на другите народи (интеркултурализам) | Октомври | Интернационален ѕид со слики и зборови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Празници: Божиќ и Нова година кај нас и во светот | Интерес за сопствената култура и запознавање со културите на другите народи (интеркултурализам) | Декември | Изработка на новогодишни честитки на германски јазик |
| | | | Делови на телото: Поговорки со делови на телото | Проширувањ е на Сопствениот вокабулар, Истражување на Поговорките поврзани со делови на телото во трите јазици | Април | Изработка на игра со картички – 15 поговорки на 4 јазици: македонски, српски, англиски и германски јазик, презентација како штанд на Патрониот празник |
| | | | Игра – Меморија | Повторување и поврзување на наученото во секојдневни ситуации | Јуни | Развивање на комуникациски вештини, примена на наученото во секојдневни ситуации |
| **English Fun Club Junior** | Ирена Бакреска-Василевска | II и III одд.<br>10 | Одбележување на празници и значајни денови | Учење преку игра | Во текот на учебната година | Изработки од ученици – постери честитки писма |
| **Медиумски клуб ,,КИМ МЕДИА”** | Билјана Стојановска | Ученици од IV, VI, VIII и IX одделение (32 ученици) | Запознавање и договор за работата на медиумскиот клуб | Да се запознаат учениците со концептот и улогата на медиумскиот клуб во училиштето.<br>Да се утврдат правилата и договорите за работа на клубот. | 07.11.2024 | Зајакната мотивација и интерес за учество во активностит е на клубот.<br>Формирана позитивна групна динамика и комуникација. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Новинарството е важна професија | Да се запознаат учениците со значењето на новинарството во општеството. | 14.11.2024 | Подобрено разбирање за улогата на медиумите во Секојдневниот живот.<br>Развиена свест за важноста на етичките принципи во комуникацијата. |
| | | | Видови новинарство и новинарски жанрови | Да се запознаат учениците со различните видови новинарство<br>Да се поттикне интерес за истражување и креирање на содржини во различни жанрови. | 18.11.2024 | Зголемен интерес за Различните медиуми и жанрови.<br>Развиени аналитички вештини за препознавање Медиумски содржини. |
| | | | Пишуваме вест | Да ги научат основните правила за пишување вест (што, каде, кога, како, зошто, кој).<br>Да ја применат структурата на вест при креирање содржини.<br>Да се поттикне прецизно, концизно и јасно изразување. | 28.11.2024 | Зајакнати вештини за пишување и обработка на информации.<br>Поттикната креативност и Критичко размислување при Создавање содржини. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Новинарски стандарди | Да се запознаат учениците со основните стандарди во новинарството (објективност, точност, непристрасност). Да ги развијат способностите за препознавање на професионално и етичко новинарство. | 02.12.2024 | Зајакната свест за значењето на професионалните стандарди во медиумите. Развиена критичка свест за квалитетот на медиумските информации. |
| | | | Кодекс за новинари | Да се запознаат учениците со Кодексот за етика на новинарите. Да развијат способност за етичко размислување и проценка на медиумски содржини. | 12.12.2024 | Подобрена медиумска писменост и способност за препознавањ е на неетичко новинарство. Поттикната култура на одговорност и транспарентност во работата на медиумскиот клуб. |
| | | | Договор и поделба на улогите во нашата новинарска редакција | Да се утврдат улогите и одговорностите на членовите на медиумскиот клуб. Да се поттикне чувство на одговорност и организираност. | 16.12.2024 | Подобрена организација На медиумскиот клуб. Поттикната креативност и соработка меѓу учениците. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Посета на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и активно учество во работилницата за медиумска писменост и дезинформации | Да се запознаат учениците со улогата и функциите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Да стекнат практични знаења за медиумска писменост и борба против дезинформациите. Да ја поттикнат критичката свест за веродостојноста на информациите. | 20.12.2024 | Зголемена свест за одговорноста во споделување информации. Развиена способност за критичко размислувањ е и Медиумска анализа. |
| | | | Извори на информации | Да научат учениците како да идентификуваат и користат релевантни и доверливи извори на информации. Да се поттикне критичкиот пристап кон информации од различни извори. | 23.12.2024 | Зајакнати вештини за истражување и анализа. Поттикната свест за Одговорно користење на извори на информации. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нашата редакција | Да се формира функционал на ученичка редакција со јасно распределени улоги (уредник, новинари, фотографи,дизајнери, техничка поддршка). Да се развијат вештини за тимска работа, одговорност и креативно изразување преку медиумска продукција. | 03.02.2025 | Организирана наша редакција и преземени одговорности според нивните улоги |
| | | | Креираме содржини за нашиот медиум | Да се развијат вештини за истражување, интервјуирање, пишување, монтажа и визуелна презентација на содржини | 17.02.2025 | Создадени автентични медиумски содржини (статии, видеа, плакати, интервјуа) според претходно утврдени теми и формат. |
| | | | Создаваме мултимедија лни содржини за онлајн медиуми | Да се развијат технички и креативни вештини за работа со дигитални алатки за продукција и едитирање | 03.03.2025<br>24.03.2025 | Создадени креативни и технички добро изработени мултимедијалн и производи, подготвени за онлајн објава на Canva |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Како да ги користиме Социјалните мрежи за позитивни вредности | Да се развие свест кај Учениците за влијанието на Содржините што ги споделуваат на социјалните мрежи. Да се промовира одговорно, етичко и позитивно дигитално однесување | 14.04.2025 | Развиено критичко мислење и умеење да проценат дали една објава придонесува за заедницата или создава штетни последици. |
| | | | Клучни прашања за анализа и за процена на медиумските содржини | Да се научи како да се поставуваат Клучни прашања што ја откриваат структурата и влијанието на медиумите врз публиката. | 28.04.2025 | Учениците можат да анализираат различни видови медиумски содржини (видео, вести, реклами, постови, инфографици) преку поставување на критички прашања. |
| | | | Дезинформации и манипулации во медиумите | Да се развие разбирање кај Учениците за поимите дезинформација, дезинформација, и манипулација во медиумскиот простор. | 05.05.2025 | Користат основни алатки за проверка на факти (на пр. Google Reverse Image Search, факт-чекер страници). |
| | | | Креираме содржини за нашиот медиум | Да се развијат новинарски, креативни и дигитални вештини кај учениците преку практична работа на училишниот медиум. | 12.05.2025<br>19.05.2025 | Финално уредување и објавување и промоција на интерактивниот весник креиран на Book Creator |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Културен Клуб** | Бојана Бачоска, Благица Димчева, Марина Станковиќ, Драган Станојковски, Валентина Лена Вељан, Чедомир Пановски | Ученици од VI – IX одделение | Изработка на интерактивен културен календар | Пополнување на календарот со актуелни културни настани, датуми и активности кои следуваат тековно | Во текот на учебната година | Обележување на настаните кои учениците ги реализирале со своите наставници. |
| **Јас имам талент** | Благица Димчева | Ученици од VI одделение | Свирење на ДМИ Вреднува и учествува во индивидуална и групна изведба на ДМИ Проценува целосна Вокална интерпретација на песната со изразните елементи (индивидуално и Групно вреднување) | Рано откривање на Талентираните ученици преку непосредни контакти и аудиции | Преку целата година | Да бидат среќни<br>Да бидат задоволни, исполнети,мотивирани<br>Да имаат подобри контакти со соучениците |
| | | | Применува и вреднува индивидуална и групна вокална интерпретација | Учество и индивидуален или групен настап на приредби, манифестации, конкурси и натпревари; | Преку целата година | Да бидат задоволни, исполнети,мотивирани |
| | | | Поврзува музички елементи во сопствената вокална интерпретација; | Учество и индивидуален или групен настап на приредби, манифестации, конкурси и натпревари; | Преку целата година | Да ги реализираат желбите и идеите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Споредува и воочува народни, забавни и уметнички песни | Учество и индивидуален или групен настап на приредби, манифестации, конкурси и натпревари; | Преку целата година | Да го применат својот талент и да имаат корист самите а и општеството<br>Да бидат здрави личности<br>Да се образуваат соодветно |

**„Поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците“**

Во текот на учебната 2024/2025 год. во нашето училиште остварени се следните активности кои се однесуваат на поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците:

**29.09.2024 год.** По предметот Граѓанско образование со учениците од IX одд. се реализираше проектна активност на тема „ Граѓански идентитет-Развој на сопствените особини „Активноста го опфаќа Работниот лист 1.1 под наслов „Мојот идентитет„ од Прирачникот за Граѓанско образование. Секој ученик инивидуално одговораше на прашањата кои содржат одредени аспекти од идентитетот и по завршувањето ги претставуваше своите одговори. Целта на оваа активност е учениците да го вреднуваат развојот на сопствените особини и да го согледаат напредокот, успехот и предизвиците.

**27.10.2024 год**. Учениците од IX одд. по предметтите Граѓанско образование и Иновации реализираа активност од темата „Развој на личен профил-Кој е претприемач?„ Активноста опфаќа самостојни изработки на успешни претприемачи споредени со одговорите на учениците за сопствените вредности кои ќе доведат до успех во кариерата. Целта на активноста е учениците да стекнат знаења за информации кои ќе им бидат потребни и кои ќе помогнат во нивниот понатамошен личен и социјален развој. Информации за: образование, професија/кариера ,практична работа и работно искуство,награди,достигнувања,признанија,специјални вештини, странски јазици,истражувачки интереси, презентации,членство во спортски асоцијации,хоби и друго.

**20.11.2024 год.** По повод Светскиот ден на детето нашето училиште на конкурс беше избрано да учествува во дебата со 15 училишта од Македонија на Детски Парламент во Собранието на нашата земја во рамки на предметот Граѓанско образование. Учениците симулираа вистинска седница и одлично се покажаа во улога на пратеници на тема: „Замена на класичните учебници со електронски„ Тие на демократски начин гласаа и ги споделија своите ставови за иднината, дебатираа и се стекнаа со искуство за нивниот понатамошен личен и професионален развој. За успешното учество сертификати добија учениците од деветто одделение: Бојана Змејковска,Марко Пиперевски,Рихана Хаџи и Леон Славевски.

**18.12.2024год.** По предметот Граѓанско образование ученици од IX, VIII и VII одд во периодот од септември до декември 2023г. за потребите на Отворениот час за Граѓанско образование се реализираа три работилници. Темата која се обработуваше е: „Видови на дискриминација, стереотипи, предрасуди и човекови права„ од „Граѓанинот и општеството„ Активностите се одвиваа во насока на индивидуални и групни презентации и постер-проекти од страна на учениците во врска со различните видови на дискриминација, стереотипи, предрасуди и правата на детето, проследени со примери и дискусија за истите.Тие претставија и морални личности како и изработка на етички кодекси за морално однесување со чија помош се спречува дискриминацијата.Очекуваните ефекти се реализираа преку успешното реализирање на на ученичките компетенции за тимска работа и меѓусебна соработка. Целта е спречување на дискриминацијата како неопходност за остварување на основните човекови права, кое воедно е предмет на интерес на многу национални тела и институции.

**07.05.2025г.** По предметот Граѓанско образование во периодот од Февруар до Мај се реализираа 6 работилници за Антикорупциска едукација на учениците од основните учиилишта во која учествуваа ученици од двете деветти одделенија. Според програмата за антикорупција се одржаа работилници :

-Пополнување на прашалници за предзнаења, предавање и презентација за новите поими

-Обработка на поими со дискусија и осмонасочник со пронаоѓање на соодветни поими

-Предавање и дебата за активна борба против корупција и пополнување на прашалници за стекнати знаења и

-Изработка на слогани и постери за антикорупција

Учениците покажаа интерес и со задоволство учествуваа во обработката на новите поими за аникорупција и со стекнатите знаења во иднина активно ќе учествуваат во борба против корупцијата во граѓанското општество.

**21.05.2025г.** По предметот Граѓанско образование во периодот од Февруар до Март ученици од VIII и IX одд активно учествуваа во училиштен проект на конкурс за **Дигитална содржина со изработка на краткометражен документарен филм со наслов „ 80 Години од ослободувањето НА АУШВИЦ „** и освоија трета награда.

Горица Бошкоска - наставник по Граѓанско образование

### *9.3. Акции*

Во текот на учебната 2024/25 година организирани се следниве акции:

| Акции | Реализатор | Содржини | Време на реализација | Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат |
|---|---|---|---|---|
| Собирање на парични средства за повредени ученици од училиште | Организацијата на ЦК во училиштето и ученици активисти на ЦК | Поттикнување на чувството за помош и емпатија | Месец Септември | Кутија за донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Европскиот ден на јазиците | Наставниците од јазичниот актив и ликовно образование со ученици од осмо и деветто одделение | Изработка на линорез, отпечатен на маички и торби со порака БЛАГОДАРАМ на повеќе европски јазици | Месец Септември | Платнени торби, длето, рачна машина за печатење, линолеум |
| Кампања за одбележување на месец на гладта (собирање на парични средства и конзервирана храна ) | Организацијата на ЦК во училиштето и ученици активисти на ЦК | Поттикнување на чувството за помош и емпатија кон оная категорија на луѓе кои не се во состојба да имаат нормални услови за живот | Месец Октомври | Кутија за донации |
| Акција под слоганот: Национален месец за подигнување на свесноста за ракот на дојката | Цело училиште | Подигнување на свеста во борбата против ракот на дојката | Месец Октомври | Изработка на розеви машнички од страна на учениците |
| Акција за собирање на електронски отпад, едукативни работилници, игри со учениците, видео проекции и подартоци за секое дете | Општина Центар<br>Нула Отпад во рамките на проектот ,,Пренеси ја пораката – одиме во лов на електронски отпад | Акција за собирање на електронски отпад, едукативни работилници, игри со учениците, видео проекции и подартоци за секое дете | 1-14.10.2024 | Електронски отпад |
| Новогодишен базар со хуманитарен карактер | Целото училиште | Собирање на парични средства за наш ученик | 17. 12. 2024 год. | Рециклиран материјал, хартија, лепак, украсна хартија, боици, текстил, картон, хамери во боја, тегли, чашки, адаптирани новогодишни украси, зимзелени гранчиња |
| Активност по повод Денот на пролетта и Денот на екологијата | Цело училиште | Садење на цвеќиња , уредување на училишен двор | 21.03.2025 | Садници, алатки |
| Бележење на надворешните спортски терено во училиштето, промена на таблите за кошарка и боење на стативите за фудбал | Одговорен наставник по ФЗО Драган Станојковски и одговорни ученици | Подобрување на условите на спортските игралишта | 22.05.2025 | Боја, четки, алат |

### *10. Ученичко организирање и учество*

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Преку свои претставници учествуваа во работата на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Правата на учениците ги заштитува и брани ученички правобранител кој се избира од редовите на учениците од VI до IX одделение на интерен јавен повик распишан во училиштето. Интересите и мислењата на учениците ги застапува претседател на Ученичкиот парламент кој се избира од редовите на претседателите на заедниците на паралелките.

Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето позитивна клима за работа и учење, градење и негување другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Организациската поставеност почнува од заедницата на учениците во паралелката, па до училишната заедница.

Учениците учествуваат при донесување одлуки за:

- Ученички екскурзии
- Организирање полуматурска забава
- Организирање хепенинзи
- Организирање хуманитарни акции
- Учество во активности за превенција на насилното однесување во училиштето
- Следење на успехот и напредувањето на учениците
- Решавање конфликти.

**Ученички парламент**

Во нашето училиште ученичкиот парламент активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно – образобниот процес кај учениците. Тој ги опфаќа учениците од второ до деветто одделение. Посебно внимание се посветува на потребата од начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки како, и на формирањето и функционирањето на парламентот ( користење на Водичот за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во училиштето). Состаноците се одвиваат еднаш во месецот (а по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат најразлични прашања во врска со училишниот живот на учениците. Избраните претставници учествуваат во работата на Наставничкиот совет и други тела во училиштето. Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење по демократски пат и да ги решаваат проблемите поврзни со нивниот живот и работата во училиштето.

| Ред. бр. | Дневен ред | Датум на одржување |
|---|---|---|
| 1. | 1.Обраќање на Директорот на училиштето Соња Кирковска до училишниот парламент на првата конститутивна седница<br>2. Претставување на претседателите и разговор за начинот на избор во одделенијата<br>3. Избор на ученички тела во училиштето<br>4. Разно<br>- договор за динамиката на состаноците на училишниот парламент и огласна табла на училишниот парламент | 24.9.2024 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | 1. Усвојување на Записник број 1 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Формирање на Комисија за избор на Ученички Правобранител со мандат од две години<br>4. Избор на претставници за учество на Ученичка квизотека<br>5. Дефинирање на датумот на Избори – избор на Ученички Правобранител на училиштето | 16.10.2024 |
| 3. | 1. Усвојување на Записник бр. 2 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред од состанокот<br>3. Информирање на училишниот парламент за резултатите од изборите и претставување на новиот ученички правобранител пред ученичкиот парламент<br>4. Запознавање на ученичкиот парламент со обврските на ученичкиот Паравобранител на училиштето<br>5. Презентација на тема Детски права од страна на на ученичкиот Паравобранител Ајлин Керимова | 08.11.2024 |
| 4. | 1. Усвојување на Записник бр.3 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред од состанокот<br>3. Презентација на тема –Штетни последици од петардите | 19.12.2024 |
| 5. | 1. Усвојување на Записник бр. 4 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред од состанокот<br>3. Информација за активностцна учениците потпомогната од училишниот парламент на тема –Фраер си ако...<br>4. Презентација на тема-Конвенција на правата на децата | 19.02.2025 |
| 6. | 1. Усвојување на Записник бр. 5 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред од состанокот<br>3.Разгледување на доставени барања на учениците од предметна настава до Училишниот парламент | 12.03.2025 |
| 7. | 1. Усвојување на Записник бр. 6 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред од состанокот<br>3. Презентација и разговор на тема-Развивање на лидерски способности<br>4. Разгледување на одговорот од страна на Директорот на училиштето по доставено барање од страна на учениците до Училишниот парламент | 04.04.2025 |
| 8. | 1. Усвојување на Записник бр. 6 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред од состанокот<br>3. Учество на детска квизотека –финале<br>4. Состанок со инспектор од Интегрална инспекција од ДПИ | 29.5.2025 |

**Ученички правобранител**

| Реализирана грограмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Информација од страна на Директорот до наставниците за процесот на селекција и постапка за избор на ученички правобранител | 01.10.2024 | Училиштето | Информативен состанок | Активно вклучување и целосна поддршка |
| Отворен повик за избор на ученички правобранител и негови заменици | 3.10.2024 до 29.10.2024 | Педагошко-психолошка служба | Повикот е објавен на огласните табли и на веб-страницата на училиштето, изготвени формулари за пријавување | Избор на нов ученички правобранител на училиштето |
| Промоција и објаснување на процесот на избор | 22.10.2024 | Педагошко-психолошка служба | Информативен состанок со наставниците | Објаснување на постапката на избор на ученички правобранител од страна на наставниците (одговори на прашањата на учениците) |
